**Б. Потребна документација која налогодавачот физичко лице ја доставува до банката за ПЛАЌАЊЕ ВО СТРАНСТВО:**

| Ред бр | Вид на трансакција | Документ |
|---|---|---|
| **1.** | **Плаќање од сметка на резидент во корист на нерезидент по основ на тековни трансакции** | Резидентот доставува:<br>- ЕЦД- за плаќање по основ на увезени стоки, склучен договор, фактура, профактура или друг документ соодветен за конкретната работа |
| **2.** | **Директни инвестиции** | |
| **2.1** | **Плаќање од резиденти на нерезиденти по основ на ВЛОЖУВАЊЕ НА НЕРЕЗИДЕНТИ ВО ЗЕМЈАТА** | |
| | **-** плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на акции во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br><br>1. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централен регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција<br>**2.** доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата (УЈП)за соодветната капитална трансакција |
| | - плаќање по основ на повлекување на капитал на нерезидент од продажба на удели во домашно друштво на резидент во земјата | Резидентот доставува:<br><br>1. договор за купопродажба на удели<br>2. доказ за извршен упис во регистарот на директни инвестиции при Централниот регистар на Република Македонија ако вложувањето има третман на директна инвестиција<br>3. доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата (УЈП) за соодветната капитална трансакција |
| **2.2** | **Плаќање од сметка на резидент на нерезидент по основ на ВЛОЖУВАЊЕ НА РЕЗИДЕНОТ ВО СТРАНСТВО** | |
| | - плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во мешовити друштва | Резидентот доставува:<br>- договор за вложување потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |
| | плаќање за вложување од страна на резидент во акции и удели на странски друштва, како и други облици на зголемување на капиталот во странското друштво, со што резидентот се стекнува со учество над 10% од капиталот на странското друштво во целосна сопственост на резиденти | - акт за основање на друштвото потврден од нотар<br>- или извештај за склучена трансакција од брокерска куќа |

| | | |
|---|---|---|
| 3. | **Плаќање за КУПУВАЊЕ НЕДВИЖНОСТ ВО ЗЕМЈАТА ВО СОПСТВЕНОСТ НА НЕРЕЗИДЕНТ** | |
| | -за купување на недвижност во Република Македонија која ја поседувал нерезидентот како и за плаќање на доход од недвижноста во сопственост на нерезидент | Резидентот доставува:<br>1. доказ за извршен упис во регистерот на недвижности на нерезиденти при Централниот регистар на Република Македонија<br>2. доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата (УЈП)за соодветната капитална трансакција |
| 4. | **Плаќање за ПОРТФОЛИО ИНВЕСТИЦИИ** | |
| | - плаќање на нерезидент по основ на купување на странски сопственички и должнички хартии од вредност од страна на резиденти, кои се тргуваат на странските пазари | - извештај за склучена трансакција од брокерска куќа<br>- доказ од надлежен орган за намирени законски пропишани обврски врз основа на даноци и придонеси спрема државата (УЈП)за соодветната капитална трансакција |
| 5. | **Плаќање за КРЕДИТНИ РАБОТИ** | |
| | **- за плаќање на главнина и камата по земени кредити од нерезиденти** | Резидентот доставува:<br>- кредитна пријава од Народна банка за кредитни работи кои се предмет на поединечно известување<br>- договор со нерезидентот за останатите кредитни работи |
| 6. | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ во странство на домашни физички лица на средства до 2.500 ЕУР месечно кои се однесуваат на семејни животни трошоци( престој во странство заради школување,лекување и други трошоци), како и за лични трансфери** | Без презентација на документи доволна е информација за основот на плаќањето |
| 7. | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ во странство на домашни физички лица на средства поголеми од 2.500 ЕУР**<br>**-** за позајмица, помош и поклони<br>- | Физичкото лице резидент доставува:<br>- соодветен документ заверен на нотар |
| 8. | **Еднострани ЛИЧНИ ТРАНСФЕРИ во странство на домашни физички лица на средства во корист на сопствена сметка во странска банка (само во земја од каде има добиено важечки документ за престој)** | Физичкото лице резидент доставува:<br>-важечки документ за престој подолго од шест месеци (како важечки документ не се смета визата евидентирана на патната исправа, туку треба да биде друг документ издаден од надлежен орган во државата со којашто се регулира престојот во земјата) |

| | | |
|---|---|---|
| **9.** | **Плаќање по основ на извршна исправа** | |
| | -резидентот плаќа | Резидентот доставува:<br>- извршно решение |
| | **-**присилно плаќање | Овластен извршител доставува:<br>- налог 1450 (како налогодавач се наведува должникот а потпис и печат става извршителот)<br>- налог за извршување<br>- извршно решение |